2026057965

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 258 став (8) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), министерот за економија и труд, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ИЗРЕЧЕНА ИНСПЕКЦИСКА МЕРКА ОПОМЕНА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на евиденција за изречената инспекциска мерка опомена.

Член 2

Евиденцијата за изречените инспекциски мерки опомени се води во електронска форма.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на водење на евиденција за изречена инспекциска мерка опомена („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 300/20).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 12-1438/1
12 март 2026 година
Скопје

Министер
за економија и труд,
**Бесар Дурмиши,** с.р.